

# Европски вредности

## Прирачник за учење и предавање

# Издавач:

2018:
Вмрежување за едукација - ВНБ (орг. Verein Niedersächsischer Bildungsinitiativen e.V. (VNB)
Ул. Вармбушен 17
30159 Хановер / Германија
www.vnb.de

Уредници: Анке Ергбломасе, Тино Боубарис (VNB)
Автори: Маја Митевска, Никола Нешкоски (ECO-LOGIC), Шарлот Волтерс, Николас Волтерс (INTEVAL), Маргит Хеле Томпсен, Хенинг Шулц (mhtconsult), Андреа Фишер, Едит Дракcл (uniT)

Насловна слика: © Европски заедници 2005 (анг. European Communities 2005)
Слика на страна 16: © Ла Страда Грац / Никола Милатович
Прва слика на страна 20: © Ла Страда Грац / Мартин Хауер
Останати слики: © Проект „Европски вредности преку Европска Интелегенција“

Оваа публикација (на Англиски, Германски, Дански и Македонски јазик) и понатамошните публикации и алатки кои произлегуваат од овој проект се бесплатно достапни на следниот линк:
www.val-eu.eu

Овој прирачник е лиценциран преку меѓународната лиценца *Creative Commons Attribution-ShareAlike 4.0.* За копија од оваа лиценца може да ја посетите веб страната на следниот линк http://creativecommons.org/licenses/by-nc-sa/4.0/ или да испратите писмо до Креатив Комонс, ул. Маунтаин Вју 1866, ЦА 94042, САД.

## Правно оградување

ВАЛ.ЕУ (орг. VAL.EU) – Европски вредности е иницијатива на партнерството во проектот „Европски вредности преку Европска Интелегенција“, финансирано преку Европската Комисија, Еразмус + Програмата (Стратешки партнерства во образование на возрасни, 2016-2018). Оваа публикација ги претставува мислењата само на авторите, и Европската Комисија не може да се смета за одговорна за содржината на прирачникот и за начинот на користење на истата.

Erasmus+

# Содржина


Вовед ... 2

Чекор 1: Мотивација и поттик ... 6

Чекор 2: Знаење и Ресурси ... 8

Чекор 3: Размислувања и свесност ... 11

Чекор 4: Планирање и примена ... 14

uniT Graz: EU Xperiment / Театарски пријатели ... 15

VNB: Европа низ моите очи ... 26

INTEVAL: Хип Хоп и Европски Вредности ... 29

Еко Логик: Алатка за дискусија на вредности ... 32

mhtconsult: Промоција на еднаквост и активно граѓанство ... 38

Информации за проектните партнери ... 53




# Вовед

## Зошто овој прирачник?

Моментално, дискусиите за вредности се популарни низ Европа и тие најчесто се поврзани со тековните општествени случувања. Овој прирачник е наменет за наставници и едукатори со цел да им постави основи за спроведување на отворена и продуктивна дискусија, како и дискусија базирана на знаења во која ќе бидат опфатени различни Европски вредности. Истовремено, овој водич треба да ги охрабри наставниците кои ги образуваат возрасните, но да ги охрабри и сите останати едукатори, да ги вклучат Европските вредности во дел од нивните курсеви , и успешно да ги испланираат и воведат активностите за предавање и подучување.

## Зошто е важно да се дискутираат Европските вредности?

Често во политичките дискусии се слуша дека Европската Унија е заедница базирана на споделени вредности. Овој помошен потсетник е честопати користен за да се спротистави на предрасудите дека Европската Унија е креирана само од економски причини, да се користи за мегаломански цели или тие да се прилагодуваат непотребно. Всушност, првиот договор кој ги започнал релациите помеѓу Европските земји по Втората Светска Војна (Договорот во Рим), исто така служел за економска соработка, но примарно бил наменет за да помогне во обезбедување на мирот во Западна Европа. Член 6 од Договорот во Мастрит, со кој официјално била основана Европската Унија во 1992 година, гласи: "Унијата е основана врз принципите на слобода, демократија, почитување наосновните човековите права и слободи, како и владеење на правото, кои се основни принципи на сите Земји – членки на Европската Унија. "

Во 2000 година, со Повелбата за фундаменталните права на Европската Унија беше креиран и детален сет на права за Европските институции со што овие принципи беа дополнително разгледувани од заедницата. Европските вредности се често користени како поим кој се однесува на опис на сличности и разлики, при креирање на (негативна) дефиниција за наводно различни вредности и разликување на едните со другите.

## Ако Европа е заедница на вредности, кои се тие вредности?

Што се Европски вредности, и какво е нивното значење, не само за сплотување на Европската Унија, но и за Европските граѓани? Ова прашање, поставено на случајно избрани граѓани од различно потекло во Европа, ќе предизвика значителна контроверзност. За некои, главните вредности како демократија,

човекови права и слободи се од најголемо значење. Други пак, веруваат дека општественото сплотување, зачувувањето на природните ресурси, религијата или безбедноста треба да се примарни вредности. Во едно истражување на Еуробарометар во 2012 година, 28% од испитаниците ја потенцираа демократијата како дел од трите најважни лични вредности *(Европска Комисија: Стандарден Евробарометар 77, Пролет 2012: Вредностите на Европските граѓани).* Но, сега е јасно колку е важно потенцирањето на основните вредности и дека тоа така треба и да остане, посебно во време кога Европа ‘оди на тенок мраз’ и нејзините основни вредности се под сомнеж на многу места.

## Дали вредностите на Европската Унија се исти како Европските вредности?

Често, Европските вредности и вредностите на Европската Унија се спомнати во ист контекст. Ова не е коинциденција: Повелбата за фундаменталните права на Европската Унија беше креирана за поврзување на институциите на Европската Унија со основните права на граѓаните. Но, Европа е многу повеќе од само Земјите членки на Европската Унија: Советот на Европа – институција независна од Европската Унија, која ги вклучува Русија, Украина и Турција како членки на Европската Конвенција на Човекови Права, е креирана во 1950, којашто пак ја формира базата на активности пред Европскиот Суд за Човекови Права. Значи, Европа е многу повеќе од само Европската Унија, а вредностите не запираат кај границите.

## Зошто е важно да се направи разлика помеѓу вредности и норми?

Дури и кога се дискутираат Европските вредности, често се случуваат недоразбирања кога се зборува за вредности и норми, и обратно. Нормите се генерални правила на секојдневниот живот кои се потенцирани од општествените санкции како општественото незадоволство или отфрлањето. Нормите зависат од местото и времето каде што се валидни, и тие може да се вклучени во закони и права. Ако овие права се нарушени, постојат правни санкции. Во филозофијата, вредности се универзални идеи кои не зависат од ситуацијата и се засегнати со тоа што е пожелно во општеството. Вредностите се над нормите и правата. Тие се идеали или нешто што се смета за етички пожелно и добро. Тие се вредни за стремеж, но не се целосно постигнати и реализирани. Ова е важно за да се одговори на некои аргументи: само бидејќи слободата или еднаквоста не се целосно имплементирани, не значи дека овие вредности се бесцелни и треба да се одбијат.

## Дали вредностите се секогаш исти?

Вредностите може да се менуваат, исто како и општествата. Затоа, вредностите мора да се обновуваат и дискутираат одново секој пат. Како пример за промена на вредностите паралелно на општествените промени е еднаквоста и правата на мажите и жените. До 1984 жените не смееле да гласаат во Лихтенштајн. Во 70-те години на минатиот век, жените во Германија морале да побараат дозвола од сопругот за да работат. Промените во законот кои ги оформиле еднаквите права на мажите и жените, се направени од промени во однесувањето како и општествените норми, т.е., мажот не се гледа како единствен кој заработува. Сепак, половата еднаквост не е целосно применета и за ова е потребна посебна поддршка. Ваква промена не се случува преку ноќ, и не е поддржана од сите општествени категории.

Вредносните конфликти се нормални и понекогаш може да бидат причина за општествени преговори. Ваквите конфликти се секогаш различни првенствено помеѓу различни вредности (на пр. Слобода и сигурност, добро-состојба и слободно развивање на единката). Некои граѓани сметаат дека овие вредносни конфликти и дискусии се заканувачки; но тие сепак се потребни во демократијата. Демократијата опстојува со дискусии за Европски вредности, размена на различни мислења и општествен дијалог. Поддржувањето, иницијативата и структурата на општествените дискусии за Европските вредности е важна задача во образованието на возрасните. Овој прирачник треба да иницира предлози, идеи и поддршка за оваа задача.

## Врз кој методолошки пристап се базира овој прирачник?

Авторите на овој прирачник развија стратегија за пренесување на Европските вредности базирана на моделот на културна интелегенција (Анг. Cultural Intelligence (CQ)). Културната интелегенција ја претставува можноста на секоја единка да се однесува агилно, ефективно и интелигентно во културно-диверзитетни ситуации и средини *(Ang/Van Dyne, Armonk NY 2008: Handbook of Cultural Intelligence).* Ние го употребивме овој пристап за подучување Европските вредности и го препорачуваме моделот опишан во овој прирачник. Тој е составен од четири чекори: мотивација и поттик, знаење и ресурси, размислување и свесност и планирање и примена кои може да бидат корисни во развојот на предавањата или лекциите на оваа тема. Овој прирачник ги појаснува тие четири чекори и дава примери за практична примена.


Мотивација и Поттик
Знаење и Ресурси
Размислувања и Свесност
Планирање и Примена

# Чекор 1: Мотивација и поттик

Што им дава поттик на тие што учат? Како може учениците да се мотивираат за активно вклучување на темата Европски вредности? За ова, ние би сакале да ви ги претставиме следните можности:

## Обраќање кон учениците како експерти за Европски вредности

Секој што живее и работи во Европа, знае колку се важни Европските вредности и Европската политика во секојдневниот живот. Без разлика дали станува збор за училишна или студиска размена, пракса или волонтерство во соседна земја, искуства од патувања или пред изборни кампањи, многу луѓе доаѓаат во контакт со Европските вредности и ова може да претставува одличен почеток за дискусија. Важно е да се земат во предвид искуствата на единката и истата да се обрати како експерт врз основа на своите искуства. На овој начин, можете да користите специфични примери кои се слични на оние од секојдневието.

## Критиката да биде појдовната точка во дискусијата

Понекогаш самиот поим Европа или Европски вредности побудува негативни реакции. Премногу бирократија, постојано вмешување или дистракции се само некои од многуте пречки. Оваа негативна енергија е почетна точка за давање на аргументи. Ова треба да е само почетна точка која ќе води кон конструктивна дискусија за време на семинарот / дискусијата. Два примери / методи може да се видат подолу во чекор 3. Едукаторите кои го одбираат овој метод треба да имаат искуство со аргументирање.

## Разгледување на тековните случувања на национално и Европско ниво

Тековните случувања како “Брегзит”, заштита на податоците на Европската Унија, политиките за бегалците и сл. и нивното влијание врз граѓаните се секогаш почетни точки за дискусија на Европските вредности. Важно е да се имаат различни мислења и да не се даваат веќе подготвени одговори. Еден од начините за спроведување на ова е барање на добивка и загуба. Кој или што губи со развојот или кој победува или има корист од тоа? За да се спроведат вакви дискусии, едукаторите треба да се подготват добро за содржината на дискусијата и, на пример, да знаат за таканаречените “Евро-митови”.

## Развивање на позитивни здружувања

Учење со фокус на позитивни случувања или цели (како слобода или мобилност) е важен фактор за поттик. Кога се зборува за Европа и Европските вредности на

позитивен начин, тоа ја прави дискусијата позначајна и ги мотивира учениците. Можностите се во преден план на дискусијата, наместо грешките во самата анализа. Ова на пример е претставено во практичната вежба “Алатка за дискусија на вредности” прикажана подолу.

Секако, различните пристапи прикажани во овој водич може да бидат комбинирани. Важно е секоја дискусија да биде започната врз основа на Европските вредности каде учесниците презентираат, споредуваат и преговараат за нивните мислења. Овој општествен процес на преговори е срцевината на демократиите кои постојано се менуваат и еволуираат со менувањето на вредностите.

# Чекор 2: Знаење и Ресурси

## Добрата подготовка води кон добро учење

Подготовката за учење и предавање на знаење за вредности е важен дел од развојот на стратегија за учење и подучување за вредности, но ова исто така може да претставува проблем за еден едукатор на возрасни. Предавањето за вредности е дел од традиционалната едукација на возрасни за општествена правда, но е една од најмалку развиените теми. Ова значи дека има малку прописи за соодветна литература на темата учење и предавање на вредности, и нема традиција на признаени ефекивни пракси врз кои понатаму може лесно да се базира.

Сепак, постојат многу прашања кои треба да ги разгледаме за добро да се подготвиме. Вредностите и нивнотоосудување се насекаде. Тие се навлезени во нашето човечко постоење, но сепак ние сме само делумно свесни за нив и сме несигурни каде, и дали биле предавани, и од кого. Вредностите се во голем дел нестандардизирани, но сепак ќе ги најдеме вмрежени во правните акти како и во Универзалната Декларација за Човекови Права. Немаме прифатено во кои размери ќе одредуваме која вредност има поголемо или помало значење, и тоа нè води кон збунувачка културна наклонетост.

Улогата на едукаторот е да поттикне критичко размислување и да развие знаење и разбирање, притоа да ги поттикне учениците да си го изградат патот низ сложеноста на вредностите. Ние, со цел да најдеме начини за разбирање на овие потешкотии ја користиме предложената структура на методологијата за Културна Интелигенција која ни помага да се соочиме со потешкотиите без да ги анализираме искуствата како серија од поединечни проблеми. Нашата улога како едукатори не е да ги научиме другите кои вредности да ги прифатат, во кои да веруваат или кои да ги практикуваат.

Како прв чекор можеме да ги разгледаме нашите првични идеи, бидејќи немаме шанса да ги разгледаме сите вредности во склоп на еден традиционално-оформен образовен план.

## Дали мојот пристап кон концептот “Европски” е реалистичен?

“Европски Вредности” е премногу користена фраза, но ни претставува дополнителни проблеми, бидејќи концептот “Европски” има многу значења. Дали ова значи дека сме збунети и изгубени помеѓу многу сложени значења? Искуствата од овој проект го докажуваат спротивното. Партнерството EVEQ засегна многу индивидуи кои беа многу јасни и разбирливи за нивните вредности. Овие вредности беа резултат на различни учења и предавања, иако понекогаш

беа и резултат на формалното образование за возрасни. Семејството, пријателите и врсниците беа важни учители, но исто така важно беше и согледувањето на различните лични животни искуства и неочекувани животни промени. Освен поединечното учење, партнерството препозна два одделни пристапи за развој на наставниот план. Досега најчесто применуваниот пристап беше учењето со разбирање како составен дел од другото учење. Тука, Уметноста беше клучната област каде комплексните прашања можеа да бидат поставени во една интерактивно - едукативна средина. Директното и експлицитно учење за вредностите беше возможно и применето во интегративната работа со бегалци и мигранти како целни групи. Активното вклучување, дијалогот и дискусијата беа препознаени као клучни елементи за ефективноста на методологијата.

Во сето ова може да бидеме самоуверени дека вредностите може да бидат предадени и научени и дека образованието за возрасни може да има позитивно влијание преку својата сопствена дисциплина.

## Дали образованието за возрасни нуди можности за индиректно учење и подучување на вредности или ние треба да развиеме нови специфични прописи базирани на експлицитно учење и подучување?

Конфликтните национални идеологии создаваат политики. Моменталните миграциони движења ги открија контрадикторните политики во Европската Унија, прикажани преку различни (понекогаш националистички) одговори. Сега, политички и физички ѕидови се издигнуваат низ Европа. Одговорноста на образованието за возрасни не е фокусирано на зборување за тоа како да се однесуваме, туку како да ги разбереме сложените тврдења на разните промотор.

Изгледа постојат два вида на промоција. Првата е инклузивна промоција, каде акцентот е ставен на правдата, разновидноста, транспарентноста, еднаквоста, слободата, солидарноста и демократијата. Додека втората е ексклузивна промоција, која тврди дека вредностите кои ги презентира промотерот се вистинските вредности и ги исклучува или ги смета за безвредни сите кои не ги прифаќаат овие вредности. Елитната ексклузивна промоција често нуди лажна заштита и го прави ова преку едноставна стратегија со која никој не се соочил, т.е. преку слогани кои лесно се памтат и повторуваат.

Не можеме да претпоставиме дека знаеме кои се образовните потреби на нашите ученици. Многу вредности често се среќаваат и треба да бидеме изненадени колку тие вредности се заеднички, но воедно и да сме свесни дека постојат реални разлики кои треба да ги разбереме. Ние не промовираме измислена хиерархија на знаење или некакви вредности, туку легитимно ги согледуваме грижите на

учениците кои се соочуваат со проблеми предизвикани од промотери на инклузивни и ексклузивни вредности.

Живееме во време на предизвици и политичка поларизација настаната од ниската самодоверба на претходните општествени институции, па сега е вистинско време за едукација на возрасните да размислуваат повеќе и да допринесат за индивидуално и социјално подобрување.

## Кои ресурси би помогнале?

Има многу достапни ресурси кои ја опфаќаат темата  Европски вредности или се фокусираат на образование базирано на вредности во поширока смисла. Некои од предлозите за методолошки пристапи за иницирање на дебати или дискусии за вредности се опишани подолу.

Како за почеток, за да се разбуди интересот за овие пристапи, дискусијата за “Евро-митови” може да биде одлична идеја. Почнувајќи од формата на бананите, па се до забраната за употреба на тостери со два отвори, Евро-митовите содаваат многу можности и може да бидат одлична прилика за дискутирање на Европските вредности. Едноставно побарајте Евро-митови на интернет и ќе бидете изненадени.

Со дефинирање на клучните термини, учениците ќе можат подобро да разберат што се Европски вредности. Прегледот на Европската историја, договорите и институциите се помошни алатки за истражување на сопствените вредности, како и нивниот историски и општествен  контекст, но треба да се користат само по потреба за да се избегнат долги и демотивирачки лекции.

Примената на уметност и интерактивни игри се пристапите кои беа успешно тестирани за време на овој проект. Некои од нив како и потребните ресурси за нивно спроведување се опишани подолу.

Има неограничени број на извори на информации кои може да помогнат при собирање на дополнителни информации и материјали кои би биле користени за предавање, почнувајќи од Европски институции и органи како *Европската Комисија, Европскиот Парламент, Советот на Европа*, Претставниците на Европската Унија во Земјите Членки па се до Евро-Инфо Центрите овозможуваат пристап до печатени и онлајн материјали на многу јазици.

Ако се потребни и бројки за да се подкрепи предавањето, треба да се посети *Европскиот завод за статистика EUROSTAT*. Како за крај, достапни се многу резултати од различни истражувања / студии во минатото, како на пример *Евро-барометарот на Европски вредности* или *Студијата на Европски вредности*

кои можат да придонест за постигнување на успешни резултати во процесот на учење (*www.europeanvaluesstudy.eu).*



## Чекор 3: Размислувања и свесност

Европските вредности се повеќе од тема за учење. Тие се поврзани со основни општествени и индивидуални ставови. Тоа што изгледа како непроменлива вредно за некоја единка е можеби само личното верување на единката или група на единк и не може да се дефинира како вообичаена вредност за една заедница. Истовремен важно е да се толерираат и почитуваат верувањата и мислењата на секој од нас – да дојдеме пак до суштинските вредности и да дознаеме дека тие вредности честопати конфликтни една со друга. Поважно од прашањето како се поставен некои вредности, е начинот на кој пристапуваме кон овие вредности и ка дискутираме за нив едни со други.

Затоа, предметот на изучување не е само подучување за овие вредности. Целта е перцепција на различноста на овие вредности  без намалување на нивната важност. Нивните сопствени вредности и вредностите на другите треба да се сметаат како дел од различноста, без обележување на “правилни” или “погрешни” вредности. Преку размислување за разликите, се креира релативизација на сопственото размислување. Тоа дозволува вклучување на различни вредности и промовирање на дискусии за истите.

Следните два методи се препорачани за иницирање корисна дискусија за Европските вредности: “критичко размислување” и “вредноста и квадрантот на развиток”. Има уште многу можности за иницирање дебати, и сигурно и вие би имале неколку идеи штом сте го поминале првиот чекор од овој прирачник.

## Критичко Размислување

Многу ученици имаат сопствени искуства со Европските вредности и придобивките и ограничувањата кои произлегуваат одниви тие може да ги внесат овие искуства во дискусијата за вредности.

Пригоден метод за групна дискусија на Европските вредности, каде учесниците се вклучени во едукативниот процес како експерти врз основа на своите лични искуства е всушност критичкото размислување. Критичкото мислење може да се опише како само-режирано, само-дисциплиниирачко, само-прегледувачко и само-корегирачко мислење. Ова е во директна спротивност на егоцентричното размислување каде ниту правата и потребите на индивидуите не се почитуваат, ниту пак нивните гледишта или ограничувањата во нивните лични гледни точки не се правилно признаени.

Посебно во време на лажни вести и коментари исполнети со омраза, многу е важно да се бориме против вакво размислување и да дадеме алтернативни начини на размислување.

*Elder, L. / Paul, R.: Critical Thinking: Terms and Instruments – A Pocket Guide. Critical Thinking Foundation 2003 (www.criticalthinking.org)*

## Вредноста и Квадрантот на Развиток

### (Анг. The Value and Development Square)

Вредноста и квадрантот на развиток е метод креиран од Германскиот психолог Фридман Шулц вон Тун, со цел дискутирање на различни вредности во екстремно различни ситуации.

Појдовната точка тука е самата претпоставка дека во демократијата, различни позитивни вредности се во состојба на напнатост едни со други, како на пример “Транспарентност” се претвора во “загрозена безбедност”, “доверливост” се претвора во “таен режим”. Во услови на вакво преувеличување не е возможна значајна политичка дискусија.

Тука, состојбата на напнатост помеѓу вредностите е балансирана без одлучување за “правилно” и “погрешно”. Едностраниот поглед на вредноста ќе премине поглед кој ги зема предвид двете вредности со нивните предности и недостатоци, со цел постигнување на баланс. Овој процес исто така се вика и “дуалност на демократија” или “дилеми на демократијата”.

*Boeser-Schnebel. C et al.: “Dare politics, An argumentation training, Wochenschauverlag, Schwakbach / Ts. 2016. Wenzel, F.: Dilemmas of Democracy, July 27, 2016 (www.peripheria.de)*

Квадрантот на вредност и развиток (сопствено претставување):



# Чекор 4: Планирање и примена

Местото и околината за учење, големината на групата ученици, индивидуалните потреби на учениците – постојат многу фактори кои мора да се земат во предвид, во зависност од конкретната  ситуација. Од по “класичните” опкружувања како семинар-групи каде внимателно се разгледуваат едукативните пристапи секогаш најдобриот начин за дискусија на Европските вредности зависи од едукаторите (и учениците). Подолу се претставени практичните примери за учење и предавање, креирани и тестирани од VAL.EU проект партнерите. Тие ќе дадат примери за можностите за воспоставување на дијалог за Европски вредности со различни групи на ученици.

# uniT Graz: EU Xperiment. Европски вредности на продажба?

Заедно со група млади кои го стекнуваат своето образование во Грац, креиравме проект “Европски вредности на продажба? Како ја преставуваме ‘Европа’?”. Ние, KUNSTLABOR Graz, како дел од uniT, баравме траги во текот на 6 недели, заедно со 14 млади од Авганистан, Сомалиа и Австрија, како и 6 артисти од различни дисциплини од Косово, Хрватска, Чешка, Германија и Австрија. Во текот на 7 дена, нашиот проект беше вклучен во “La Strada” фестивалот во Грац (“La Strada” е фестивал за уметност на јавни места, и уметнички проекти во една заедница).

Заедно спроведовме експерименти на нашите сопствени очекувања и добивме лавиринт од прашања за “Европски вредности” кои пробавме да ги одговориме во затворен дијалог меѓу нас. Со помош на музика, театарска педагогија и креативно-уметнички методи, артистите дадоа мотивација за разгледување на прашањата за Европа и Европската Унија, како: Што ја одржува Европа како единка и што се случува во нејзините граници? Кои се вредностите на Европа – и колку впрочем овие вредности се Европски?

## Содржина на проектот и цели

Заедно со другите проекти на заедницата, нашата главна цел беше да се креира атмосфера што им дозволува на учесниците да постават прашања, да ги изразат своите ставови и да ги искусат разликите во дебата со меѓусебна почит, со други зборови, шанса да се запознаат себеси подобро. Друга цел беше да се креира свест за сопствената индивидуалност во рамките на Европскиот контекст, да се најдат имиња за перцепираните разлики, да се одржи заеднички пристап со почит преку креативни процеси и да се открие што асоцираме со идејата за Европа и нејзините вредности, со што ја споредуваме и од каде потекнува таа споредба.

## Поставеност: Од внатре и од надвор

## ЕУ Центар – нашата канцеларија

Ние привремено отворивме “ЕУ Центар” (на Германски, оригинално го нарекувавме “EU Zentrale”) во празен простор во центраот на Грац, во период од две недели. Заинтересираните минувачи (нашата публика) беа поканети да ни се придружат и да работат со нас. Ние им дадовме задачи и ги замоливме да го поддржат ЕУ Центарот со нивната експертиза. Со овој пристап, континуирано ја одстранувавме бариерата помеѓу работниот простор (односно “училницата”) и изложбата, изведбата, предавањата и дискусијата. Ова е преклопот кој ги представува главните принципи на нашата работа и дава простор за средби во живо. Уметници и учесници го започнаа ова експериментално патување кое води до заеднички работен процес – крајна дестинација со непознати резултати.




## Методи и принципи

“Прошетка” беше мотото, односно принципот зад овој проект, кадешто ги охрабривме учесниците да се движат во јавност како публика и како истражувачи со цел да стекнат впечатоци и за да се постави основа за нивната заедничка работа. Оваа поединечна перспектива на почетокот на проектот дозволи подобар фокус на одредена тема и размена во рамките на една група.

Ние ги започнавме нашите заеднички напори во ЕУ Центарот со задачата детектирање на ЕУ знамето во нашите секојдневни средини. Со други зборови, сите учесници собираа и печатеа слики и фотографии и ги изложуваа во канцеларијата. Благодарение на оваа “инстант изложба”, резултатите од задачата можеа да се презентираат и да се видат за многу краток период.

ЕУ знамиња на куќите? ЕУ симболи на паричниците? На регистрациите? Зошто постојат овие симболи и што ни значат на нас? Дали видливите ЕУ симболи креираат верувања за “Европски идентитет”? Ако креираат, зошто го имаат овој ефект? Нашата цел беше да детектираме, препознаеме и дискутираме симболи кои ќе воспостават чувство на идентитет.




## Креирањето на Европска мапа – развивање на тимски дух

Целата група креира мапа на Европа (постер за на под) со леплива трака за одреден временски период. Тимот е надгледуван од таканаречениот “Тим за надгледување” (учесници).

На почетокот се дадени улогите и правилата за задачата (Тим за надгледување, Тим за креирање). Учесниците работат без интервенции од уметниците.
Публиката беше замолена да го надгледува и документира процесот според начинот на работа во групата, и со помош на прашалник (види подолу). За време на процесот на надгледување, двете страни се воздржани од размена на своите гледишта. Еден од нив го мери времето севкупно, а другиот мери половина од времето. Работниот тим има 40 минути да ја комплетира задачата со означувањето. Што се случува за ова време? Колку се попрецизни белешките од публиката, повратната информација е повозбудлива, и ова се разгледува по комплетирањето на задачата, и е разгледувано од страна на уметниците.

Цел: Да се креира свест за однесувањето и истото да се дискутира. Да се истражи како учесниците го разбрале терминот соработка.

## Театарска педагошка игра – истражување на границите

Тема: Поздравни ритуали. Учесниците одат низ просторијата и глумат различни поздравни ритуали, како на пр. ракување, (утешна) полу-прегратка со рака на грб, поздравни бакнежи, прегратка. Со оваа вежба, учесниците ги открија и искусија нивните лични “граници”.

Целта на оваа задача беше дискусија на различни начини на средби (од минатото и сегашноста, и ритуали од различни земји) и прегледување на нивната социјална потреба.

## Изведба

Уметници од KUNSTLABOR Graz и Teatri ODA од Приштина/Косово развија изведба со млади од Авганистан. Текстот напишан од Ивна Зик (автор) дава основа односно поттик за актерите да напишат нивни текстови во работилницата. Оригиналниот текст е базиран на интервју со млада Иранка и се однесува на улогата на жените во Иран.

Целта на оваа задача е да се разгледа еднаквоста помеѓу мажите и жените.

## Портрет. Вежба за перцепција

Во задачата "Портрети" – Ние сме Европа. Ние живееме тука.", учесниците почнуваат со креирање авто-портрет. Овој индивидуален "тивок" дијалог е уникатно искуство кое ја зголемува свеста и перцепцијата. Поради траењето на процесот на цртање, учесниците се изложени на нивната слика за себеси на различен начин, споредбено со процесот на сликање на обично селфи на мобилниот телефон. Овие авто-портрети се дополнети со фото портрети и посета во музеј. Што точно откриваат овие изрази на лицата за личностите кои се на портретите, за нивниот социјален статус и како тие сакаат да бидат видени од општеството? Која е вредноста на овие портрети? Како овие единки се претставуваат себеси? Како се оценети различните авто-презентации?

Целта на оваа задача е да разгледа форма на авто-портрети или презентација и нејзините ефекти. Каков авто-портрет е очекуван во различни контексти?

## Без брзање размислете. Дали саатното време е Европска вредност?

"CET (Central European Time) – Централно Европско Време" е збор кој провоцира дискусија каде учесниците бараат и дискутираат посебни глаголи и изрази поврзани со време, дефиниции за време и поговорки или изреки за време.

"Прошетка" е начин за зближување со тематиката. Учесниците бараат ѕидни и рачни часовници во урбани простори и ги фотографираат. Што значи времето во ова општество кадешто живееме? Како е искусено? Секој учесник си креира сопствено "време", со други зборови тие креираат часовници и дизајни на часовници.

Прашања за дискусија во мали групи:

Како дефинирам (за себеси) што е време? Која е вредноста на “перцепирано време”? Кој го поседува времето? Што правам јас со “моето време”? Колку е важно за мене да имам време за себеси и за другите? Која е улогата на времето во заедницата каде што живеам? Што ме асоцира на “да се биде на време”? Дали има разлика помеѓу работното време и времето за социјализација? Кои се правилата во “играта на чекање”? Кои се хиерархиите во оваа игра, т.е., кој кого чека и колку треба да се чека во професионалниот свет?

Целта на оваа задача е да се разгледа терминот “време” и да се разберат различните очекувања на (домаќин→) општеството со почит кон времето.

## Резултати:

За единките најдовме начин да ги разгледаат нивните вредности и однесувања – без разлика на нивното потекло. Работевме со серија модули за работилници кои може да се комбинирани и аплицирани на различни начини. Темите се, меѓу повеќето, време, тело и граници, маж – жена, симболи на идентитет, карактеристики на тим, или авто-портрет. Еден од најважните аспекти за нас беше да се поттикне и испровоцира дијалог и дискусија лице во лице. Вредностите не се нешто што може да се “научи”. Во образованието за возрасни ние претпоставуваме дека луѓето имаат вредности. Во нашата заедничка работа се стремиме да креираме свест за нив и да ги дискутираме овие вредности или морални концепти со цел да ги разгледаме следните прашања: Што значи за мене и за другите кога се однесувам во согласност со моите вредности? Како ќе разгледам можни разлики помеѓу моите ставови и тие на општеството во земјата домаќин?

## Искуства

Уметноста креира и овозможува  простор за акција. Ставовите стануваат опипливи. Заедничката акцијаоткрива дали и каде има разлики и што тие вклучуваат. Со акција ние искусуваме како да обезбедиме конструктивни одговори на прашања, како да разгледаме различни перспективи на конструктивен начин, како да дојдеме до некоја одлука и како да најдеме решенија за меѓусебна почит.

Желбата “да се биде виден, слушнат, разбран” е слична на таа за размена. Проектите на уметниците од KUNSTLABOR Грац ја иницираа таа размена директно на неколку нивоа, во мали групи, во големи групи и со публика. Од наша гледна точка, силната поврзаност која не соединува сите нас и нашата заедничка доверба се темелите за успешен проект.



## uniT Graz: Театарски пријатели

KUNSTLABOR Грац од uniT работи со голем број на различни групи; во овој случај учениците присуствуваат на театарски курс со цел да го спознаат театарот во пракса и теорија, и како публика и како изведувачи, заедно со млади жени бегалки од Авганистан, Сомалиа, Јемен и Сирија кои имаат слабо или никакво образование и треба да го научат јазикот како и другите основни вештини во математика и информатика. За нив, театарот е нешто непознато.

Ги сплотивме двете групи заедно и основавме систем на пријателство. Целта за жените беше да одат на театар заедно и да размислуваат за своите вредности додека ја дискутираат нивната посета на театарот. Театарот е конфликтно ориентиран, со фокус на општествени и индивидуални конфликти. Почнувајќи од овие конкретни приказни, лесно е да се зборува за сопствените однесувања и гледишта. Од овој разговор се очекуваше да биде подлабок, не генерален краток разговор.



Дваесет луѓе учествуваа во овој проект (десет бегалци и десет ученици). Проектот беше поделен во четири фази:

1. Запознавање едни со други
2. Разговарање за театар и избирање на продукции
3. Одење во театар
4. Разговор/размислување

## 1. Запознавање едни со други

Цел: да се запознаеме едни со други, да ни биде забавно, да бидеме внимателни, да имаме интеракција едни со други (менување партнери), да се вклучиме во меѓусебни интеракции. Учесниците работеа на задачи од театарска педагогија.

### Игра со имиња

Упатства: секој стои во круг, еден човек застанува во кругот, прави движење и си го кажува името, друг го копира истото со забележливи и гласни потези, но потоа со дискретни и тивки потези, еден по друг додека сите не пробаат.

Цел: да се запознаеме едни со други (со име), да ги одстраниме стравовите, да се претставиме во јасно оформена структура.

### Движење низ простор

Упатство: секој оди низ собата, лидерот одредува различни брзини на одење (110 многу брзо, 0 статично стоење), кога лидерот плеска со рацете, сите застануваат (не се движат), кога ќе дојдете до друга личност, погледнете се во очи (контакт со очи, па ракување и сл.), играчите внимаваат како се распоредуваат, со следење на надворешни инструкции.

Цел: да покажат разбирање еден за друг, да стапат во контакт еден со друг (добредојдовте), да го тренираат нивното внимание / концентрација.

### Разговор за ‘кршење на мразот’ (слободен разговор во парови)

Упатство: играчите составуваат парови, сите се свртени лице во лице еден со друг, очи во очи; кога е даден сигнал, луѓето почнуваат да зборуваат без престан додека не заврши една цела минута (на било кој јазик).

Цел: да се зборува, да се глуми и реагира слободно, да не се одвлекува внимание.

## Дебата

Упатство: две личности стојат една спроти друга, гледајќи се еден со друг, секој има зададен збор (зборови кои се спротивни еден со друг); кога се дава сигнал, играчите го кажуваат својот збор (но, само тој збор) со цел да ја убедат другата личност преку различни стратегии (гласност, движење, статус, притисок, и сл.).

Цел: да се игра еден со друг, да се глуми/реагира, да се одржи интеракција со другиот, да се користи јазикот преку игра.

## Имитирање

Упатство: две личности стојат една спроти друга, лице во лице, гледајќи се во очи, при што првата личност  прави некое движење (прво со ликот, па со гестови, од ликот спуштајќи се надолу кон рамото, торзото, целото тело), другата личност следи внимателно и ги копира движењата колку што може на сличен начин, потоа двете личности ги разменуваат улогите.

Цел: да се следат движењата, да се биде прецизен, разумен, да се има акција/реакција.

## Водење/следење

Упатство: две личности стојат една спроти друга, лице во лице, едната личност ја става раката рамно пред ликот на другиот, го води низ собата со движења на рацете; другата личност ја следи раката, реагира на движењата; играње со брзини, висина во собата, видови на движења, потоа менуваат улоги.

Цел: да се биде разумен кон другите, да се верува на другиот, точност/концентрација, да се игра со различни телесни нивоа.

## Изградба на статуи

Упатство: играчите креираат мали групи и градат статуи од луѓе (статична поза), прават статуи за одредена тема (став, гестови, изрази на лица), ова помага на играчите да ги визуелизираат однесувањата за одредени теми.

Цел: визуелизација на однесувања, игра помеѓу луѓе

## Јас сум игра

Упатство: една личност доаѓа на сцената со одредена тема (на пр. некое место), завзема одредена позиција и кажува “Јас сум...”, следната личност доаѓа на сцената, завзема позиција и кажува “Јас сум...”, друга личност им се придружува и прави статична позиција за одредена тема; ова потоа се користи за

понатамошни развивања на играта (прашања за мислите/зборовите/движењата на единките/предметите, измислување на нови сцени, и сл.).

Цел: да се игра заеднички, да се приметат сигнали и да се развиваат, да се смислат сцени, да се прави акција/реакција, да се помине забавно.

### Брр-Так

Упатство: групата стои во круг, првиот човек прави движење (двете раце на слепоочниците) со звук (брр), играчите на лево и десно од првата личност го копираат движењето и звукот со нивната рака на страната како првата личност, потоа првата личност го пренесува овој знак на некој друг преку кругот, потоа таа личност го прави звукот и движењето, заедно со играчите на лево и десно кои се придружуваат со звукот и движењето, итн.

Цел: концентрација/внимание, ритам, време поминато во забава

## 2. Разговори за театар и избирање на продукции

Цел: прво, да се подобри контактот, потоа да се одберат претстави за да се посетат групно, театарско-педагошки вежби.

### Трепкање

Упатство: групата стои во круг, една личност стои во средина, другите во кругот пробуваат да остварат контакт очи во очи едни со други; ако е успешно, и ако сите се согласуваат, си ги менуваат местата; ова е прилика за личноста во средина да добие едно слободно место.

Цел: загревање на телата, внимание/соработка, прекин на срамежливоста, заедничка игра.

### Игра со чевли

Упатство: групата седи во круг долу на земјата, сите имаат по еден чевел пред нив; кога е даден сигнал, тие го пренесуваат чевелот до личноста на десно во ист ритам, водејќи се по кругот.

Цел: заедничко синхронизирање, концентрација, заедничка забава.

### Игра со молекули

Упатство: играчите се движат низ собата кадешто свири музика, движење низ собата, телесни нивоа, брзина, итн. (Движење во простор – Среќавање со себеси); кога е даден сигнал, тие формираат групи од различни големини (во зависност од

инструкциите); варијации: број на играчи, број на екстремитети (17 прсти, 3 колена, 2 глави, итн.) се заедно и формираат смешни форми.

Цел: да се дојде во контакт едни со други, да се помине забавно, да се прекине срамежливоста, да се игра со секој, да се има загревачка вежба за групи, речник.

## Претставување на себеси во парови

Упатство: две личности стојат една пред друга, лице в лице, гледајќи се во очи, првата личност има една минута за да зборува за себеси, втората личност слуша (и пробува да запомни што другата личност кажала), потоа си ги променуваат места; следно, два парови доаѓаат заедно и седнуваат во круг, првата личност стои позади втората и ја претставува втората личност исто како да се претставува себеси; повторно се прават промени додека секој не се представи себеси.



## Фантазирање за драми

Во мали групи, учесниците разгледуваат материјали (флаери, сезонски програми, итн.) за тековните театарски претстави во Грац; групата едногласно одбира продукција, ги чита материјалите (флаери, описи, итн.), разгледува визуелни материјали и развива сопствени фантазии за продукциите (користејќи наслов и информации за претставата со цел да смислат нивни идеи/фантазии) и да креираат мала сцена во мали групи.

Цел: анализирање на материјал, размислување за истиот (што ќе видам, што сакам да видам), користење на материјалот за заедничка игра, креирање сцени.

## Презентација на сцени

Мали групи презентираат сцени кои ги креирале, секој учесник е и изведувач и публика.

## 3. Одење во театар

По презентацијата на сцените, учениците бираат продукција која би сакале да ја видат; учесниците креираат мали групи за да одат заедно како група во театар.

Идеи за последователни дискусии во парови:

- Зошто ја одбравте оваа продукција?
- Што видовте таа вечер? За што беше тоа?
- Што запомнавте?
- Што ве изненади?
- Што ви се допадна најмногу?
- Што ве уплаши?
- Дали нешто ви беше непријатно?

## 4. Разговор/размислување

Учесниците ги запишаа нивните впечатоци. Еве одредени извадоци:

*“Јас мислам дека жените се среќни бидејќи може да уживаат во нивната слобода тука во Австрија, како и да ја имаат шансата да одат во театар воопшто, бидејќи ги наслушнав како кажуваат дека тоа е многу тешко во нивната земја.”*

*“Сите тие часови кои ги поминавме заедно во театар беа забавни и возбудувачки. Бевме во можност да се запознаваме и да комуницираме едни со други. Со заедничка игра и забава, научивме многу приватни факти за бегалците. Мило ми е што бев дел од ова.”*

*“Слободата која овие жени ја имаа на сцената, ме натера да мислам дека нашите три соученици се фасцинирани, а можеби и малку шокирани, но тоа не беше така сепак. Искрено, морам да кажам дека и јас бев малку во шок, и бев исто под импресии од тоа како жените ја разбраа изведбата – патем, одлично.”*



## Искуства

Сега имаме јасен концепт за “Театарски пријатели” кој сакаме да продолжиме да го користиме. Потребни се три подготвителни состаноци. Воопшто не е лесно да се оствари контакт помеѓу различни групи. Театарско-педагошки методи се еден добар начин. Понекогаш ни се чини дека учениците имаат поголеми тешкотии да стапат во контакт одколку бегалците.

Изборот на театарски продукции исто така треба да е надгледуван и поддржан потполно. Учениците веднаш помислуваат на детски изведби со цел да избегнат јазични проблеми. Тие разбираат дека постојат само некои претстави и танцови изведби кои не се изведени преку јазикот, но само кога ова ќе им се потенцира.

За нас е важно дека изведбите се избрани од сите заедно и двете групи се прашани исти прашања одпосле. Следниот пат, ќе планираме се преостанато, а разговорите ќе бидат уште подетални. Овие два фактори мора да се дел од работилницата.

# VNB: Европа низ моите очи

“Европа низ моите очи” беше одприлика пола, скоро целодневна работилница дизајнирана за квалификувани бегалци во интензивен јазичен тренинг курс во Германија. Два од големите предизвици за наставникот/помошникот беа:

1. *Како да разговарам со луѓе кои знаат само малку за Европа бидејќи се надвор од Европската Унија и знаат малку за Европа и нејзините вредности?*
2. *Како го направив тоа дидактички кога јазичното ниво е Б1 според Европските мерила?*

Овие прашања беа одговорени кога им се пристапи на учесниците како на експерти за Европа, конкретно за нивната животна ситуација. Мотото беше да се погледне Европа и нејзините вредности однадвор. Целта беше да се опфати перспективата на луѓето кои не биле социјализирани во Европа, но живеат таму краток период, и да се иницира дискусија за ова.

На почетокот, се спроведе  вежба Е_В_Р_О_П_А за генерирање на идеи, каде клучните термини беа собрани по азбучен ред. Групата од 15 учесници работеше заедно, во хармонија. Имаше многу почетни точки за размена на првични информации за Европа, како “Што е Европска Унија и што е Европа?”, или: “Кои земји се вклучени?”.

Потоа, вежбата “Европа низ моите очи” го престави личното гледиште врз основа на новиот начин на живот. Секој учесник доби работен лист со три прашања:

1. *Што ме изненади и восхити најмногу кога пристигнав во Европа?*
2. *Што најмногу ми се допадна кога дојдов во Европа?*
3. *Што најмалку ми се допадна кога дојдов во Европа?*

Прашањата беа одговарани индивидуално во тек на 5 минути, и беа проследени со 10-минутна размена со соседната личност, кое пак беше проследено со хармонична дискусија. Сите имаа шанса да ги покажат своите одговори, и никој не беше присилен да каже нешто. Работниот лист остана кај учесниците. Оваа процедура имаше предност бидејќи индивидуалната и групната работа се одвиваа на мајчин јазик , а Германскиот јазик беше користен само во хармоничната дискусија. Дополнително, секој засебно одлучуваше што ќе се сподели со групата, а што не. Ова е посебно важно за деликатна тема како вредностите.

После оваа задача која целеше кон подобрување на персоналните перцепции за Европа и Европските вредности, следниот чекор беше разгледување и дискусија. Во групи од 4 ученици беше поставено прашањето “Што би сакал/а да променам во Европа?”. Повторно, дискусијата беше одржана на Германски јазик или друг (прв) јазик. Дискусијата не беше водена од наставникот; групите одредија некој што ќе ги престави резултатите на Германски јазик. Резултатите беа дискутирани хармонично, заеднички. Оваа процедура дозволи во тек на работниот процес да се разменат различни мислења, и групата со нив се справи на различни начини. Ова беше спомнато во заедничката дискусија. На почетокот на истата, фокусот беше за тоа кои промени се оценети позитивно или негативно и зошто е тоа така. Потоа, фокусот беше на тоа како се справуваме со различни мислења. Зависно од тоа кои промени беа спомнати во групата, различни теми беа додавани, на пр., како јас можам да ги преставам моите идеи во општеството (институции, политички систем, итн.), како се носат заеднички одлуки (демократско носење одлуки) иштo точно се основни вредности во Европа (на пр. забрана за смртна казна).

На крајот на работилницата, имаше работен лист за оценување базиран на две прашања: “едно нешто кое го научив денес” и “прашање кое сеуште го имам”. Ова помогна да се посочат теми за кои учесниците беа заинтересирани, како и аспекти за кои треба дискусија.

## Искуства

Од една страна, надворешните гледни точки даваат нови искуства за тие одвнатре, т.е., колку е важно да се извезуваат Германски оружја, или пак да се спомне развојот на нови технологии како био-гас постројки кои претходно беа непознати за учениците.

Од друга страна, од наставна гледна точка, треба да се спомнат следните точки:

Важно е да се даде слобода/слободен простор. Во случај на непријатна работа за единки, парови или мали групи, темите треба да се развивани и дискутирани постепено без брзо класифицирање и оценување од наставникот/помошникот во дискусијата. Вака е полесно за учесниците да ги изразат своите мислења. Ова важи за секого, без разлика на јазичните знаења на учесниците. За јазичните курсеви или групи на луѓе кои не го знаат локалниот јазик, постои шанса за промена во мајчиниот јазик, со што се поедноставува дискусијата и се спречува хиерархијата на јазиците.

Во јазичните курсови, постои ризик дека во работниот простор, фокусот на правилни јазични изрази е престрог. Граматиката не смее да биде поважна од содржината, и тука наставникот/помошникот треба да интервенира ако е потребно.

Наставникот/помошникот треба да земе во предвид и однапред, каков е неговиот/нејзиниот став за некои вредности и дали, т.е., кога треба да интервенираат во дискусијата. Дали секогаш ќе биде неутрално, или ќе има ситуации кои ќе ја бараат вашата поставеност? Во овој случај, отворена, но контроверзна дискусија за “брак за сите” и хомосексуалност го покрена ова прашање.



# INTEVAL: Хип Хоп и Европски Вредности

INTEVAL во соработка со The State Leith, едукатори за Хип Хоп од Единбург/Обединето Кралство, организираше Хип Хоп Свирка наречена Брег до Брег, организирана во партнерство со Уметности за Ментално Здравје и Филмски Фестивал, Leith Dockers и Единбуршкиот Колеџ за Уметност. Работевме со овие партнери бидејќи ни дадоа можност да пристапиме до различни заедници. Го одбравме овој начин бидејќи сакавме нешто повеќе од Хип Хоп Заедницата со цел да имаме можности за дискусија меѓу различни луѓе.

## Вредности во алтернативна култура

Брег до Брег беше серија на настани базирани на вредности од алтернативната култура. Ова ги предизвика сегашните вредности во образованието за возрасни. Историјата на ова образование е учење на општествените промени, на пример образовните потреби за индустријализација, но планот на ова образование е наклонет кон забавно учење и учење за општи интереси, на пример хобија. Високото и Дополнителното Образование (како сектори) се поподложни на општествена и економска промена, на пример технолошка промена.

Би било погрешно да се понуди наставен план кој ќе зацрта дека сегашниот план ги поседува Европските вредности. Имаме обврска да ги разбереме вредностите на алтернативната култура и да промовираме учење преку нив, наместо да инвестираме во пропаганда што се фокусира на охрабрување ученици “да ни се придружат на курсеви”, ако тоа воопшто значи прифаќање на нашите преовладувачки вредности. Разгледување на алтернативните култури и вредности во тие култури, е прв чекор да се пристапи до лесните изрази од популарни политики, како и фундаменталистичката идеологија, па така можеме да почнеме со противење на предрасудата што води кон жртвување и демонизирање на малцинствата, и ќе допринесеме за вистински диверзитет.

Ова беше настан со слободен пристап за сите. Присувствуваа луѓе од Хип Хоп Заедницата, како и луѓе кои сакаа да знаат повеќе за Хип Хоп и да работат со уметности во Шкотска.




Дојдоа учесници од цела Шкотска, и од сите насоки/професии. На свирката, присувствуваа фамилијарни членови од дури три генерации.

Оваа свирка ги привлече најмногу оние кои сакаат да гледаат танцување или кои самите се танцувачи. Но, исто така имаше и луѓе кои сакаат и други елементи од Хип Хоп Култура. Овој настан беше одржан во The Leith Dockers Club, а тоа значи дека и членови на клубот дојдоа на настанот со што се доби разновидност.

## Методи

Брег до Брег се состоеше од семинари, работилници и Хип Хоп Свирка. Работилниците и семинарите беа одржани во Единбуршкиот Колеџ за Уметност. Секој дел од настанот допринесе за шанса кон учесниците да се воведат во Хип Хоп Културата и да размислат за работа во уметноста во моменталното опкружување (ЕвропскитеВредности / Строгости / Брегзит). Свирката овозможи безбедна средина каде учесниците дискутираа што научиле и искусиле за време на работилниците и семинарите.



## Искуства

Брег до Брег имаше многу публика со повеќе од 200 гости. На сите им дадовме шанса да дискутираат за Европските Вредности и за тоа какво влијание имаат врз тековните ситуации. Со многу различни активности, на сите дадовме шанса да се спознаат со Европските Вредности на начин кој им одговара.

Работилницата овозможи учење на нови вештини, за танц (топ-рок) како и менаџирање на уметност (грижа за себеси, финансирање, самовработување и менторство). Свирката овозможи слободно изразување во безбеден простор и забавна атмосфера. Настанот ја подобри репутацијата на Хип Хоп Културата во Шкотска, како и на VAL.EU проект партнерството и вмрежувањето.



# Еко Логик: Алатка за дискусија на вредности

Алатката за дискусија на вредности има цел да креира систематска дискусија при анализа на некоја вредност за време на работилници или тренинг курсеви. Алатката е пригодна за дискусија на различни тематики каде е потребен сопфатен пристап.

Главната цел на алатката е стимулирање на дискусија во насока на подобрување на конкретна вредност преку идентификување на придобивките и предизвиците и согледување на нивното влијание од четири различни аспекти: политички, економски, социјален и од аспект на животната средина.

## Краток преглед

Алатката за дискусија на вредности е составена од  следните три чекори:

- Генерална дискусија за вредности и избор на вредности кои понатаму ќе бидат разгледувани;
- Препознавање на придобивките и предизвиците кои потекнуваат од избраната вредност;
- Препознавање на влијанието на конкретната вредност врз политиката, економијата, животната средина и општеството.

Алатката за дискусија на вредности  е флексибилна и може да се користи на различни начини за време на работилниците и тренинг курсевите.

Потребните материјали се веќе достапни за да може секој да ги користи како алатка во нивните работилници. Секој тим треба да ги има следниве материјали:

- Копија на водичот/алатката, за секој член;
- Празен лист/празна копија од структурата на алатката;
- Флипчарт хартија (прикачена хартија) и маркери во најмалку две бои;
- Мали стикери во пет различни бои.

Потребното време за дискусија зависи од знаењето на учесникот и неговиот интерес за дискусија на одредена тема: Ако работилницата цели кон анализа и разбирање на темата, потребни се минимум 3 часа за комплетирање на дискусијата и сите чекори. За ова време, предвидени се и  кратки кафе-паузи. Кога дискусијата е завршена, секој тим има 15 минути да ја презентира нивната дискусија пред другите учесници.

## Како функционира алатката?

### Чекор 1

На почетокот на оваа сесија, учесниците треба да кажат што подразбираат тие под терминот “вредност” и кои се најважни вредности според нив. Понатаму, учесниците се поделени во тимови и бројот на членови во тимот зависи од бројот на севкупни учесници. Преку дискусија, секој тим предложува една вредност која е важна за нив. Потоа, секоја вредност е презентирана во кратки црти пред другите тимови и преку гласање, учесниците бираат една вредност која понатаму ќе биде дискутирана од секој тим. За време на гласањето, секој учесник има право да гласа за една вредност која не е предложена од неговиот тим.




*Чекор 1 – Дискусија за вредности и селекција на вредности*

## Чекор 2

По селекцијата на одредена вредност, секој тим треба да посочи две главни придобивки од таа вредност. За секоја придобивка е потребно да се определат корисниците и две можности кои се создаваат за овие корисници. На крајот се претставуваат два можни исходи кои произлегуваат од претставените можности. Потоа се идентификуваат два предизвици поврзани со вредноста.

За секој предизвик се предлагаат две акции со кои би се надминал предизвикот и се определуваат засегнатите страни (клучни едукативни и не-едукативни засегнати страни) или пак засегнатите страни одделно се одбираат од веќе приложена листа (Слика 2).

Во втората фаза, се користи празната копија од алатката како основа за дискусија. Малите стикери во разни бои се прикачуваат за флипчарт хартијата. Различните бои на стикери се користат за запишување на придобивките и предизвиците со цел да се потенцираат разликите меѓу нив. Обично, портокаловите стикери за ‘вредности’, зелените се за ‘придобивки’ и виолетовите се за ‘предизвици’.




*Чекор 2 – Препознавање на придобивките и предизвиците кои потекнуваат од одбраната вредност*

## Чекор 3

Во третата фаза е потребно да се препознае влијанието на конкретната вредност врз политиката, економијата, животната средина и општеството. За секој аспект, тимот треба да посочи две придобивки и два предизвици, и понатаму да одредат корисниците на тие придобивки, да се одредат создадените можности и исходи од придобивките, како и потребни акции и засегнати страни за предложените предизвици (Слика 3 и Слика 4).

Во оваа фаза, како и во втората, празната копија од алатката е искористена како основа за развивање на дискусија. Малите стикери во разни бои се прикачуваат на флипчарт хартијата но се различно подредени.




*Чекор 3 – Препознавање на влијанието на конкретната вредност врз политиката, економијата, животната средина и општеството*

## Дискусија

По дискусијата, секој тим ги презентира клучните делови од нивната дискусија пред другите учесници, пришто сите учесници имаат шанса да постават прашања и да ја продолжат дискусијата за вредностите.

## Искуства

Оваа алатка беше користена во следниве два, тековни проекти:

Прво, алатникот беше дел од предавање за рециклирање каде наместо одредена вредност, се дискутираше темата “рециклирање”. Учесниците беа Европски

студенти по Индустриско Инженерство и Менаџмент, членови на студентската организација ESTIEM. На ова предавање имаше 12 студенти и за време на дискусијата студентите беа поделени  во два тимови, со 6 членови во тим.

Со користење на алатката на ова предавање, целта беше да се испита дали алатката е пригодна за систематска дискусија на други теми освен вредности. Проценетото времетраење на дискусијата беше 45 минути, но поради временското ограничување, алатката беше скратена. Затоа, учесниците навремено го завршија првиот чекор, но во вториот, беше потребно само да ги посочат влијанијата од рециклирањето врз политиката, економијата, животната средина и општеството, со набројување на три примери за секој аспект.

Второ, во периодот од 20-27 Декември 2017, алатката беше користена и во третата работилница организирана во рамките на проектот "Социјално Претприемништво – Лично Задоволство или Општествена Промена", спроведена во три средни училишта во град Скопје. Учесниците беа ученици од средните училишта на возраст од 17 и 18 години.

Во првото училиште, 10 ученици присувствуваа на работилницата. Тие беа поделени во два тимови со 5 членови во тим, и имаа можност да дискутираат за различни вредности на системски начин, земајќи во предвид различни гледишта кои влијаат на Социјалното Претприемништво. Учесниците ги одбраа вредностите "Спорт" и "Природа" и преку тимски разговор, беа одредени придобивките и предизвиците како и нивниот ефект од 4 различни аспекти: политички, економски,општествен и од аспект на животната средина.

Во второто училиште, 12 ученици присувствуваа на работилницата и беа поделени во два тимови со 6 ученици во тим, потоа тие дискутираа за вредностите "Образование" и "Еколошка свесност".

Во третото училиште имаше 12 учесници, и како и во второто училиште, учесниците беа поделени во два тимови со 6 ученици во тим, притоа тие дискутираа за вредностите  "Образование" и "Чиста Средина".



Вредноста “Образование” беше една од најпопуларните вредности за дискусија во овие работилници. Двата тимови кои ја одбраа оваа вредност имаа слични размислувања за придобивките и предизвиците кои произлегуваат од образованието како вредност. Од страна на двата тимови, образованието беше издвоено како многу важна вредност за општеството, кое претставува главен поттик за развој на нацијата и  истовремено овозможува придобивки за сите граѓани преку подобро разбирање и прифаќање на културните разлики. Образованието беше разбрано како потреба за проширување на личните хоризонти и размислувања како и постигнување на подобар општествен статус. Заедничкиот предизвик за учесниците беше да одберат соодветна образовна институција за понатамошно професионално развивање, се разбира, бидејќи повеќето од нив беа матуранти.

Како и во предавањето за рециклирање, учесниците навремено ја комплетираа првата фаза, но втората фаза беше скратена и тие одредуваа како таа вредност влијае на политичкиот, економскиот,општествениот аспект и аспектот на животната средина, набројувајќи само три примери за секој аспект.

*Оригинална верзија на Алатникот на Вредности може да се симне од вебсајтот на проектот: www.val-eu.eu*

# mhtconsult: Еднаквост и активно граѓанство како основна Европска вредност

Во Данска, го разгледавме концептот на Европски вредности преку концептот на **еднаквост и активно граѓанство**. Во Данска, концептот на активно граѓанство неодамна беше претставен како главна точка за дискусија на вредности, поврзана со **демократската свест и начинот на размислување.** Поимот е клучен за интеграциските напори како и за инклузивните и општествени напори. Тренингот во областа на активното граѓанство има голем приоритет во плановите за образовниот систем почнувајќи од основните училишта.

Концептот на граѓанство е понекогаш користен како генерички поим и за граѓанство поврзано со националност и за обично (цивилно) граѓанство. Меѓутоа, таму каде граѓанството е поврзано со националност, тоа има формален легален статус што наложува општествени и политички права и обврски поврзани со државното – цивилно граѓанство наметнато од **аспект на идентитетот**, тука е опфатено искуството на кохерентност, кохезија и солидарност со другите во граѓанското општество и заедниците, како и учеството и ангажирањето во локални или поголеми социјални или политички контексти. Разликата може да се опише и преку фактот дека граѓанството во поглед на националноста е нешто што се придава, додека цивилното граѓанство е нешто што се чувствува или покажува. Затоа, цивилното граѓанство е поврзано со вредноста и праксата на **зајакнување**.

## Граѓанството во Европската перспектива

Концептот на граѓанство е важен во перспективата на Европската Унија. Пред 25 години се воведе Државјанството од Европската Унија, како дел од Договорот од Мастрит, во 1993. Секој што е граѓанин на земја членка на Европската Унија, има и Европско Државјанство, освен сопственото, национално државјанство. Европското Државјанство се содржи од многу права, вклучувајќи го и правото на вселување или работење во ЕУ земјите, гласање на Европски и локални избори (но не национални), како и примање одредени финансиски приходи (социјална помош) во ЕУ земјите каде се живее. Сепак, тековната дебата е засегната со прашања за граѓанските права и како тие се поврзани со Европското Државјанство. Државјанството може да се гледа како релевантно во учењето и предавањето, кое пак, се фокусира на човечки, општествени и политички вредности во Европски контекст.

Да заокружиме, ние одлучивме да одбереме еднакво и активно граѓанство како главна тема за материјалите за учење и предавање (на тема Европски вредности) бидејќи тие може да бидат разгледани (и за нив да се разговара) од различни гледни точки, на пр., формална, општествено-културна и емоционална:

Слика 1:




На оваа основа, следните материјали за учење и подучување беа дополнително развивани, собирани и тестирани:

## - Еднакво и активно граѓанство – што ние добиваме од тоа?

*Собирањето на материјали за учење и предавање се фокусира на концептот за граѓанство и вредности поврзани со граѓанството во пракса, според искуствата на учениците, нивните гледишта и препознавања.*

## - “Дел од Данска” – работилница за млади мигранти и нивните критички размислувања за Данските и Европските вредности.

*Програма-работилница за мигранти и бегалци кои беа дел од општествено-културните образовни прошетки низ Данска со цел да добијат појасна слика за вредностите и културите на нивната родна земја(земјата во Европа).*

## - Граѓанство во пракса – електронски образовен портал

*Овој електронски портал обезбедува материјали за учење и предавање како на пр. текстови и педагошки линкови со фокус на граѓанство, како и концепти за вредности, на пр. зајакнување, еднаквост, анти-дискриминација, диверзитет.*

## - Еднакво и активно граѓанство – што ние добиваме од тоа?

Овде развиме методологија со многу педагошко-насочни вежби и алатки сплотени во еден сет. Вежбите и алатките се креирани како Power Point

презентации и се поделени во различни категории кои се засегнати со граѓанство и вредности од различни гледишта.






## Целни групи – кој ќе има придобивка од оваа колекција?

Колекцијата беше тестирана во различни средини и групи на млади ученици со Данско потекло или потекло од малцинство/етничко потекло. Исто така, некои од материјалите беа вклучени во менторско тренирање како дел од проект за врсници на млади бегалци и млади Дански ментори од два различни градови во главниот град.

Понатаму, наставници од локалното Арапско основно училиште покажаа интерес во менување и поедноставување на вежбите во материјали за учење посветени на деца од одредена возраст. Секако, колекцијата ќе биде корисна и за возрасни во образованието за возрасни.

Подолу ќе ви презентираме пример за вежби од колекцијата.

## Граѓанство – што тоа значи и како ни влијае на животите?

Како една активност, колекцијата беше насочена кон група млади луѓе со потекло од етничка заедница/малцинство, на возраст од одприлика 20(+) години. Некои од нив беа родени во Данска, а други пристигнале во земјата кога биле деца или тинејџери. Сите беа верници Муслимани, во училиште, факултет или на работното место. Сите говореа одлично или доволно добро на Дански.

Освен образованието и работата, нивниот социјален живот беше окупиран со Муслиманските заедници, и тие не беа запознаени со одредени аспекти од Данското општество, на пр., еднакво и активно граѓанство. Во исто време, нажалост, тие беа сведоци на дискриминација во секојдневието - иако беа

спремни да ги скријат ваквите искуства. Затоа, разгледувањата и дискусиите за еднакво и активно граѓанство беа пресудни за иницирање на важен образовен процес. Концептот за граѓанство ја вклучува вредноста како еднаквост помеѓу граѓаните, и ја потенцира вредноста зајакнување, како и препознавање на придонесите на граѓаните, за еднакви права и можности, како на пример основните општествени вредности.

Младите луѓе од групата допринесоа за различни активности посветени на помалите деца со цел да ги задржат заинтересирани во училиште и настрана од уличните банди. Преку вежбите за еднакво и активно граѓанство, тие разбраа дека е важно да се биде свесен и важно е да се одтргнат од секојдневни однесувања на дискриминација која ги нарушува основните вредности и принципи на еднаквост, се со цел да ги почитуваат своите сограѓани.

## Вежба: Граѓанство – кои се користените дефиниции, што тоа значи за нас, и кои вредности ги поврзуваме со овие дефиниции?

Целта е да се претстави концептот на еднаквост и активно граѓанство, притоа да се створи свесност за важноста, за опфатот и значењето како основна вредност на локално, регионално, национално и Европско ниво. Како стартна точка, наставникот/помошникот презентира некои факти за концептот на граѓанство и различни нивоа. Во целосно групна, или само групна работа, учесниците се замолени да дискутираат за прашања од презентацијата. Учеството на една личност се одвива чекор по чекор, со фокус прво на содржината и прашања од Слика 2, а потоа е истиот процес за Слика 3. Ова може да биде и групна работа каде учесниците ги обработуваат двата дела и сите прашања одеднаш. Во групна работа, сите резултати се презентирани на листови хартија.

Слика 2:



Слика 3:

**ГРАЃАНСТВОТО**

значи дека сите граѓани се потполни и еднакви членови на општеството и оптествените заедници.
Граѓанството може да биде проценето од три основни аспекти:

**ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ**

Сите граѓани ги имаат истите основни права и должности. Дали е тоа така?

**УЧЕСТВО**

Граѓаните земаат учество во општеството и во заедничните општествени проблеми. Дали е тоа така?

**ИДЕНТИТЕТ И ПРИПАДНОСТ**

Граѓаните се согледуваат и искусуваат себеси како еднакви членови на општествената заедница.
Дали е тоа така?

**Дискутирајте за значењето на трите основни аспекти на граѓанство:**

**Кои би биле вредностите зад трите аспекти?**
**Што вие би одговориле на прашањата – и зошто?**

## Еднакви можности – предуслов за еднакво и активно граѓанство

Целта е да се подобри свеста и критичкото мислење помеѓу учесниците за интеракцијата меѓу еднакво и активно граѓанство и еднаквите можности генерално. Прво, наставникот/помошникот повторно ги гледа заклучоците од претходната вежба. Потоа, групата продолжува со следниот чекор, како во Слика 4. Трите димензии на граѓанство – права и должности, учество и интеграција – овие исто предложуваат одредени предуслови кои треба да се исполнат. Ова значи и волја како и одредени можности и шанси. Учесниците ги разгледуваат прашањата и проблемите кои го составуваат секој дел. Ова е пожелно да се направи во работни групи.

Сите групни резултати се презентирани и понатаму дискутирани во целост. Учесниците продолжуваат до Слика 5. По кратка презентација од наставникот/помошникот, учесниците преминуваат во истите или нови групи со цел да се справат со прашањата од овој дел. Групните резултати и заклучоци се разгледани заеднички, и вообичаени заклучоци и научени делови се поедноставени од наставникот/помошникот.

Слика 4:




Слика 5:




**РАЗГОВАРАЈТЕ ЗА ОВИЕ ТЕЗИ:**

**ШТО ТИЕ ЗНАЧАТ?**

**ШТО ТИЕ ПОКАЖУВААТ?**

**КОИ ВРЕДНОСТИ ГИ ПРЕТСТАВУВААТ?**

**КОЈ БИ БИЛ ПРИМЕРОТ ЗА СЕКОЈА ТЕЗА?**

**КАКО ВИЕ БИ ГИ ОПИШАЛЕ ВРЕДНОСТИТЕ ВО ТРЕТИОТ ПРИМЕР?**

## Вежба: Граѓанство и повеќе идентитети во мултикултурно општество

Целта е да се претстави концептот на повеќе идентитети и вредности кои се поедноставени за овој концепт во модерните Европски општества. Понатаму, целта е да се подигне свеста и критичкото мислење за стереотипите кои може да имаат структурна функција во сложените модерни општества, но во исто време се во опасност од распад и претворање во предрасуди, или дури и дискриминација и расизам. Сите проблеми се разгледани од перспективата на вредноста.

Наставникот/помошникот воведува концепт на повеќе идентитети, како што е прикажано на Сликите 6 и 7. Учесниците се поделени во групи и дискутираат за прашања поставени за деловите. Сите резултати и заклучоци се презентирани во хармонија/заедничка работа за понатамошени повратни информации и размислувања.

Слика 6:

### КОНЦЕПТ НА ПОВЕЌЕ ИДЕНТИТЕТИ

- Денес повеќето од нас се движат во различни правци и притоа можно е да имаме повеќе идентитети и да живееме во хибридна култура.
- Поради тоа, културата и идентитетот стануваат природни концепти поради варијациите во животните околности и релации, на пример во контекст на образованието, семејството, работата, слободно време, итн.
- Во моментот ги креираме и пресоздаваме нашите индивидуални идентитети.
- Воглавно, имаме слобода на избор во однос на образованието, работата и активностите во слободното време – вклучувајќи ги и нашите идентитети. Нашите избори имаат последици на нашата перцепија за самите себеси и нашето препознавање.

**Како влијае слободата на повеќе идентитети врз нашите основни вредности?**
**Кои се придобивките?**
**Кои се негативните страни?**

Слика 7:




**Кои животни области и идентитети се најважни за тебе денес, а кои биле во минатото?**
**Кои вредности се поврзани со твоите идентитети и животни области?**

Наставникот/помошникот продолжува со Слика 8 за стереотипи, и учесниците ги гледаат прашањата, прво како индивидуална задача, а потоа групно, кадешто секој учесник ги презентира своите впечатоци и искуства. Групите потоа прават сумирање, врз основа на поединечни трудови и дискусија.

Слика 8:

**ПОВЕЌЕ ИДЕНТИТЕТИ И СТЕРЕОТИПИ**

- Стереотипите се дефинирани како вид на когнитивни и ментални шеми (Piaget) кои ни помагаат да го категоризираме и разбереме светот.
- На прв поглед ние забележуваме знаци како: изразот на лицето, облеката, фризурата, гласот, говорот на телото, јазикот, итн. Смислуваме стереотипи и припишуваме исти улоги на другите луѓе, со цел да го зачуваме редот на нашата перцепција за светот.
- Стереотипите можат да бидат позитивни и негативни. Вие поврзувате одредени карактеристики со одредени групи на луѓе бидејќи веќе сте ги поставиле во одредени категории – на пример “Муслимани”, “русокоси”, “приматели на социјална помош”, “левичари/десничари” итн.

- Кои би биле причините за креирање стереотипи за други луѓе?
- Дали имате лично искуство со стереотипите на други луѓе?
- Дали вие сте креирале стереотипи?
- Кои би биле истите, и врз што биле изградени?
- На кој начин стереотипите влијаат врз вредностите – генерално и во поглед на вашите сопствени вредности?

Потоа учениците се фокусираат на проблеми и прашања или предрасуди, дискриминација и расизам на Слика 9. Сега е пак иста процедурата, и наставникот/помошникот прави на сите учесници да им е удобно за презентација на лични приказни за проблемите.

Слика 9:

**ОД СТЕРЕОТИПИ ДО ПРЕДРАСУДИ**

- **ПРЕДРАСУДИТЕ** се негативни верувања и однесувања, базирани на вредности, кои вие ги имате однапред против одредени групи на луѓе.
- **ДИСКРИМИНАЦИЈАТА** се случува кога во пракса ги применуваме стереотипите и предрасудите, на пример изоставување на некој/нешто, клевета, говор на омраза итн.
- **РАСИЗАМОТ** е најекстремната форма на предрасуди и дискриминација, кадешто расата, етничката припадност и/или биолошките/генетски припадности се познати и се користени како знаци на човечка инфериорност.

- ДАЛИ ИМАТЕ ЛИЧНО ИСКУСТВО СО ПРЕДРАСУДИ, ДИСКРИМИНАЦИЈА ИЛИ РАСИЗАМ?
- ДАЛИ ЗНАЕТЕ КАКО ДА РЕАГИРАТЕ ПРОТИВ ВАКВИ ПОЈАВИ?
- ВРЗ ШТО СЕ БАЗИРАНИ ОВИЕ ПОЈАВИ?
- КАКО ВИЕ БИ ГИ РАЗБРАЛЕ ВРЕДНОСТИТЕ ЗАД ПРЕДРАСУДИТЕ, ДИСКРИМИНАЦИЈАТА И РАСИЗМОТ?

## Интеракција меѓу чувства и вредности

Имавме уште една активност во нашиот центар: “Чекор-по-чекор – Центар за активно Граѓанство” во општината Елсинор. Центарот беше посветен на учење и водење активности наменети за ментално и општествено ранливите млади луѓе и возрасни кои бараат поддршка и заздравување.

Во овој контекст на учење-предавање, концептот на вредности беше засегнат со сите активности, за единки или сите заедно. Учениците и корисниците сакаа да разгледаат и разјаснат кои вредности се важни – и кои треба да се важни за нивните животи. Како дел од заздравувачкиот процес, тие треба да дискутираат како вредноста разјаснување ќе помогне да се зајакне нивната самодоверба и верба во моќта и ресурсите, како еднакви граѓани.

Затоа, вредностите треба да се поврзани со концептот и праксата за зајакнување. Во овој процес, тие би вклучиле повеќе општествени вредности и би го разгледале влијанието на Западните вредности врз општите сеќавања на ментално ранливите граѓани (нив самите).

## Вежба: Интеракција меѓу чувства и вредности

Целта е: а) да им се покаже на учесниците што се разликите меѓу емоции, чувства и вредности, б) да се тренира нивната можност за правење разлика и в) да се зајакне нивната свест за нивните реакции, и да се анализираат емотивните реакции во контекст на вредности, еднаквост и сеќавање или основни емоции како страв, бегање, избегнување.

Учесниците гледаат многу слики со различни прикази од луѓе, природа, големи градови, океани, симболи. Сликите се на подот, и учесниците треба да одберат 2 слики, една преставувајќи ги нивните чувства, а другата вредностите.

По изборот, учесниците се во круг и наставникот/помошникот започнува сесија за споделување на идеи за чувства и вредности. Како и со што, учесниците ќе ги поврзат овие два концепти? Како тие се разликуваат? Како се концептите поврзани во секојдневието? Зошто е важно да се биде свесен за сопствените вредности? Во какви ситуации се вредностите и чувствата прекршени? Што е нивното општествено и универзално значење и важност?



По некое време, помошникот дава кратка презентација и таму сумира примери од концептуални значења, поддршка и им овозможува резултати на учесниците.

Последователно, вежбата вклучува креативен процес каде учесниците цртаат, бојат, прават колаж на темата чувства и вредности.

На кои нивоа ги поставувате вредностите и чувствата:

- Свесно/несвесно/внатрешно ниво?
- Приватно/фамилијарно/од заедница?
- Културно/религиозно/спиритуално?
- Од ниво на општествени врски?
- Од образовно/работно ниво?
- Од институции или општествени нивоа? Локални, регионални, национални и/или Европски нивоа?

## “Дел од Данска” – работилница за млади мигранти која ги разгледа критичките мислења и научени делови за Дански и Европски делови.

“Дел од Данска” беше работилница за млади бегалци кои се дел од програма за врсници и млади мигранти, бегалци и новодојденци од не-Западни земји, заедно со млади Данци. Програмата за врсници целеше кон:

- Промоција на интеграциски процес и активно граѓанство меѓу младите мигранти и бегалци со цел да ги заштитат против општествено-културната изолација, маргинализација и неприпаѓање во Данското општество, каде тие ќе останат трајно.
- Да се зајакне вклучувањето меѓу младите мигранти и бегалци на база на интеркултурно менторство и вмрежување на врсници. Менторите се млади студенти од локални и регионални образовни институции со добра позадина и разбирање на младинските активности, кои ќе ги споделат со младите мигранти.
- Да се подобрат интеркултуралните натпревари и генерални квалификации меѓу младите ментори преку специјално менторско образование.
- Да се подобри зајакнувањето меѓу менторите и учениците преку заеднички настани за учење и култура.

Да сумираме, програмата за врсници претставува нова интеграција каде граѓанството и перцепцијата на вредноста има главна позиција. Ова е прикажано преку принципите за заедничка интеграција, учење, зајакнување, поврзување и интеркултурно разбирање меѓу луѓе со Данско потекло или други етничко-културни потекла.

Програмата за врсници е спроведена во два стари Дански градови, Елсинор и Роскилд, во ценралниот дел на Данска.

## Образовната прошетка низ Данска за преставување на новите жители

“Дел од Данска” е важен и прв дел за програмата на врсници. Новите членови доаѓаат на еднонеделна прошетка низ Данска, гледајќи историски, географски, културни , општествени и индустриски фактори кои се важни за Нордиското и Европското социјално општество . На оваа прошетка имаше и посети на национални и локални политичари, меѓудругото, кои започнаа дијалог со новодојденците за нивните први искуства и прашања.

По прошетката, учесниците се собрани за работилница, со цел да ги разгледаат резултатите кои ги дознале и научиле од прошетката. Главната цел беше критички дијалог за впечатоците и искуствата од новата татковина, тука исто се разгледаа и вредностите и граѓанството во една Западна Европска Земја. т.е., како се перцепирани од новодојденец, или од не-Западна перспектива.

## Вежба: Дел од Данска – критичко разгледување на вредностите за млади новодојденци.

Целта е да се постави нормално разбирање за сличностите и разликите во поглед на очигледни вредности и култури, со споредба на татковините од новодојденците и новата татковина. Работилницата ја имаше следнава програма:

- Тема за разгледување 1: "Што искусив за време на прошетката во Данска? – креирај кратки реченици со по еден збор за впечатоците". Користени методи: групно генерирање на идеи.

- Тема за разгледување 2: "култури, традиции и вредности во Данска – што искусив и научив за културите и традициите во земјава и кои вредности ги поврзуват со култури и традиции?". Користени методи: групна работа, учесниците имаат редослед во групите за секој да биде чуен и да се изрази за своите искуства и мислења за културата, традициите и вредностите. Секоја група дава листа на прашања.

- Групна работа: заеднички разгледувања и сумирање на научените лекции.

- Презентирање и зајакнување на клучните термини од заедничката работа со интерпретации за клучните зборови:
    - Кое од искуствата и впечатоците најмногу ве импресионираше за Данска?
    - Дали има искуства и впечатоци за вредности и култури кои не ви се допаднаа – или беа непријатни?
    - Дали имаше искуства и впечатоци за вредности и култури кои ви се допаднаа – на позитивен начин?
    - Дали имаше вредности и култури кои беа слични на вашата татковина?
    - Дали имаше големи разлики помеѓу оваа и вашата родна земја?



Младите новодојденци воочија многу разлики и различни животни стилови за време на прошетката. Некои искуства беа позитивни – други беа негативни и со вакви заклучоци:

- Секаде низ земјата гледаме богатство и изобилие. Ова е како некоја провокација, бидејќи други делови од светот се соочуваат со сиромаштија.
- Изненадувачки е да се сретне обезбедување и познат политичар, лице во лице, и тие разговараат со нас.
- Интересно е да се видат разликите низ земјата каде некои стари градови во Јутланд се старомодни, споредени со тоа што го знаеме досега. Сепак, убаво во малите градови е што сите се знаат меѓусебно.
- Сепак, на други места луѓето живеат сами и изолирани – не зборуваат со други луѓе. Посебно најстарите, тие се најосамени.
- Некои места – посебно градовите – се претивки. Природата е прекрасна, и сите се грижат за неа, и покрај ладното време.
- Интересно е да се возите со автобус и да приметите дека сите се многу тивки. Како автобусите да се "тивка зона".
- Има полова еднаквост, и според закон, сите граѓани се еднакви.
- Има многу правила и закони. Повеќето се за заштита на граѓаните. Може да имате бесплатни медицински консултации и финансиска поддршка за здравство.

## Граѓанство во Пракса – електронски образовен портал

Како трета активност во Данска, развивме електронски образовен портал за материјали за учење-предавање, кои се фокусирани на како да се предава за граѓанството во пракса. Порталот беше отворен на Дански и Англиски.

Со стартна точка концепт за граѓанство, порталот имаше неколку концепти, секој од нив преставувајќи перспектива на една вредност. Заедно, описите на концептот и материјалите за учење-предавање  од порталот беа:

Главни теми:

- Граѓанство
- Демократски Вредности
- Еднаков Третман и Анти-дискриминација
- Човечки Права
- Интеграција и Менаџмент на Диверзитет
- Култура и Интеркултуралност
- Зајакнување и Активно Граѓанство

Слика 10:

| ГРАЃАНСТВО | ДЕМОКРАТСКИ ВРЕДНОСТИ | ЕДНАКОВ ТРЕТМАН И НЕДИСКРИМИНА-ЦИЈА | ЧОВЕКОВИ ПРАВА | МЕНАЏМЕНТ НА ИНТЕГРАЦИЈА И ДИВЕРЗИТЕТ | КУЛТУРА И ИНТЕРКУЛТУРА-ЛИЗАМ | ЗАЈАКНУВАЊЕ И АКТИВНО ГРАЃАНСТВО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ШТО ЗНАЧИ ТОЈ КОНЦЕПТ | ШТО ЗНАЧИ КОНЦЕПТОТ | ШТО ЗНАЧИ КОНЦЕПТОТ | ШТО ЗНАЧИ КОНЦЕПТОТ | ШТО ЗНАЧИ КОНЦЕПТОТ | ШТО ЗНАЧИ КОНЦЕПТОТ | ШТО ЗНАЧИ КОНЦЕПТОТ |
| ДАНСКАТА ПЕРСПЕКТИВА | ДАНСКАТА ПЕРСПЕКТИВА | ДАНСКАТА ПЕРСПЕКТИВА | ДАНСКАТА ПЕРСПЕКТИВА | ДАНСКАТА ПЕРСПЕКТИВА | ДАНСКАТА ПЕРСПЕКТИВА | ДАНСКАТА ПЕРСПЕКТИВА |
| ЕВРОПСКАТА И ИНТЕРНАЦИОНАЛНАТА ПЕРСПЕКТИВА | ЕВРОПСКАТА И ИНТЕРНАЦИОНАЛНАТА ПЕРСПЕКТИВА | ЕВРОПСКАТА И ИНТЕРНАЦИОНАЛНАТА ПЕРСПЕКТИВА | ЕВРОПСКАТА И ИНТЕРНАЦИОНАЛНАТА ПЕРСПЕКТИВА | ЕВРОПСКАТА И ИНТЕРНАЦИОНАЛНАТА ПЕРСПЕКТИВА | ЕВРОПСКАТА И ИНТЕРНАЦИОНАЛНАТА ПЕРСПЕКТИВА | ЕВРОПСКАТА И ИНТЕРНАЦИОНАЛНАТА ПЕРСПЕКТИВА |
| ЛИНКОВИ ДО МАТЕРИЈАЛИ ЗА УЧЕЊЕ | ЛИНКОВИ ДО МАТЕРИЈАЛИ ЗА УЧЕЊЕ | ЛИНКОВИ ДО МАТЕРИЈАЛИ ЗА УЧЕЊЕ | ЛИНКОВИ ДО МАТЕРИЈАЛИ ЗА УЧЕЊЕ | ЛИНКОВИ ДО МАТЕРИЈАЛИ ЗА УЧЕЊЕ | ЛИНКОВИ ДО МАТЕРИЈАЛИ ЗА УЧЕЊЕ | ЛИНКОВИ ДО МАТЕРИЈАЛИ ЗА УЧЕЊЕ |
| АНГЛИСКА ВЕРЗИЈА | АНГЛИСКА ВЕРЗИЈА | АНГЛИСКА ВЕРЗИЈА | АНГЛИСКА ВЕРЗИЈА | АНГЛИСКА ВЕРЗИЈА | АНГЛИСКА ВЕРЗИЈА | АНГЛИСКА ВЕРЗИЈА |

Понатаму, секој концепт во главните теми е разгледан од генерална структура:

- Што значи концептот?
- Концептот и вредноста од Данска перспектива
- Концептот и вредноста од Европска и Интернационална перспектива.

Материјалите за учење и предавање се справуваа со овој концепт, на пример граѓанство или демократски вредности.

## Искуства: како да ги спознаеме ефектите од учењето за вредностите?

Кога се разгледуваат вредностите за учење и предавање, ќе се сретнеме со предизвик кога сакаме да решиме нешто. Што значи да се учи за вредности? Колку треба да учиме за вредности за да имаме ефект? Прво, што може да се посочи како ефект од учењето кога зборуваме за нешто квалитативно и деликатно како вредности?

Одговорот на овие прашања не едноставен. Сепак, ги бараме следните ефекти за да пристапиме кон учењата, како напори кои целат кон вредности и кадешто резултатите се под ризик:

- Ефектот на знаење: дали добиваме ново знаење за темите вредности?
- Ефектот емпатија: дали да ја зајакнеме нашата можност за идентификување со предизвици кои доаѓаат од некои вредности?
- Ефектот на одраз: дали да ја зајакнеме нашата можност да разбереме вредности подобро и да користиме факти и чувства за подобро разбирање?
- Ефект на акција: дали имаме придобивка од методите и алатките за да реагираме на предизвиците кои ги искусуваме во врска со вредности и еднакви можности?

# 4. Информации за проектните партнери

**VAL.EU** е иницијатива на *“Европските Вредности преку Европска Интелигенција (EVEQ)”* проект, Еразмус+ стратешко партнерство во образование за возрасни. Проектот целеше кон развивање врвен пристап за провизија на вообичаени Европски вредности за возрасни студенти и многу повеќе.

Проект партнерството се состоеше од 5 партнер организации со различни позадини:

**ECO-LOGIC (MK)** е непрофитабилна организација посветена на заштита и зачувување на животната средина, промоција на модерни еколошки пракси, како и следење и промоција на принципите на одржлив развој. ***www.ecologic.mk***

**INTEVAL (UK)** е консалтинг компанија основана во 2004 и работи на учења за општествена инкорпорација. mhtconsult (DK) е приватна и независна развојна организација која се фокусира на интеркултурална инкорпорација, интеграција, диверзитет, превенција и зајакнување во работната средина и општествените контексти. ***www.mhtconsult.dk***

**uniT (AT)** е иницијатива за поддршка на млади артисти и нивната работа како и лансирање иновативни и креативни работи и програми. **www.uni-t.org**

**VNB (DE, координатор)** е официјално признаена институација, низ целата земја, која цели кон образование за младите, и е исто така еден вид на голема група/колектив со повеќе од 200 образовни партнери. ***www.vnb.de***

www.val-eu.eu

www.val-eu.eu

INTEVAL

Проектот EVEQ е поддржан од Европската Комисија, преку програмата Еразмус+ (Стратешки партнерства во образованието на возрасни, 2016-2018). Оваа публикација ги претставува мислењата само на авторите, и Европската Комисија не може да се смета за одговорна за содржината на прирачникот и за начинот на користење на истата.